**СООПШТЕНИЕ**
**за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми**
**на Факултет за драмски уметности во Скопје во учебната 2015/2016 година**
**во третиот уписен рок**

На Факултетот за драмски уметности во Скопје, во прва година на прв циклус студии, **во вториот уписен рок** може да се запише **1 (еден) студент** на **редовни студии со кофинансирање на студиската програма Драмски актери со познавање на албански јазик.**

**Трет уписен рок**

**Пријавување и поднесување документи** на кандидатите за проверка на знаења и умеења ќе се врши на 16.09.2015 година од 08:00 до 15:00 часот во службата за студентски прашања на Факултетот за драмски уметности.

**Документи за пријавување и запишување**

**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот**. Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
1. пријава за запишување со 50,00 ден. таксена марка на уплатница
2. електронска пријава (од iKnow-системот www.upisi.ukim.mk)
3. оригинални свидетелства од сите класови од средно образование
4. документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование)
5. извод од матичната книга на родените - оригинал
6. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение) - оригинал
7. потврда за уплатени 1.000 денари за полагање на приемен испит на ПП50 уплатница (пример подолу)
8. 1 фотографија

**Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, се препорачува кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби и да ги заверат на нотар.**


ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
НАЛОГОДАВАЧ
ПРИМАЧ
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧ: име презиме адреса
НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧ: УКИМ - ФДУ Скопје
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧ
БАНКА НА ПРИМАЧ: НБ на РМ
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА
ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА: 100000000063095
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
ИЗНОС: МКД *1000,00
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
УПЛАТНА СМЕТКА
ЦЕЛНА ДОЗНАКА: уплата за полагање на приемен испит
СМЕТКА НА КОРИСНИК: 1600104324 788 13
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 723013 41
НАЧИН
ПОТПИС
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА: Скопје
образец ПП50